**Народна банка на Република Северна Македонија**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА НАРОДНАТА БАНКА
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, декември 2019 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 54 став 1 алинеја 3 од Правилникот за стратегиско и оперативно планирање Пр. бр. 02-15/I-1/2016 од 28 јануари 2016 година, Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**Програма за работа**
**на Народната банка на Република Северна Македонија**
**за 2020 година**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Програмата за работа на Народната банка на Република Северна Македонија за 2020 година (во понатамошниот текст: Програмата за работа) содржи програмски активности за остварување на стратегиските цели утврдени со Стратегискиот план на Народната банка на Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2022 година, СП бр. 02-15/VI-1/2019 од 30 мај 2019 година.

2. Програмата за работа има за цел да обезбеди остварување на стратегиските цели на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка[1]) преку оптимално насочување на расположливите ресурси кон приоритетните области, јакнење на капацитетите во сите сегменти на работењето, понатамошно подобрување на квалитетот на работењето и да овозможи следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активности.

3. Програмата за работа опфаќа 151 програмска активност од областа на монетарната политика, супервизијата, банкарската регулатива и финансиската стабилност, управувањето со девизните резерви, развојот на финансиските пазари, платните системи, издавањето и управувањето со книжните и кованите пари, развојот на истражувачката дејност, статистиката, како и голем број активности коишто претставуваат поддршка на основните функции на Народната банка поврзани со финансиите и сметководственото работење, информациската технологија и корпоративното управување.

Програмата за работа содржи и активности насочени кон усогласување на правните, организациските и потребите од ресурси на Народната банка во процесот на пристапување кон Европскиот систем на централни банки.

4. Програмските активности опфаќаат редовни работни процеси и активности поврзани со проекти коишто овозможуваат воведување промени во работењето од аспект на зголемување на ефикасноста, квалитетот, транспарентноста и сигурноста, усогласување со новите законски барања, европските прописи, меѓународните стандарди и со барањата на Меѓународниот монетарен фонд.

## РЕДОВНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

5. Редовните програмски активности се непосредно поврзани со стратегиските цели и задачи на Народната банка и се остваруваат во текот на целата година.

[1] Кратенките употребени во Програмата за работа го имаат следново значење: КГ- Кабинет на гувернерот, КСП - Канцеларија за стратегија и превенција, ДВР - Дирекција за внатрешна ревизија, ДФБ - Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки, ДВСЛ - Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање, ДТС - Дирекција за теренска супервизија, ДМПИ - Дирекција за монетарна политика и истражување, ДСТ - Дирекција за статистика, ДФП - Дирекција за операции на финансиските пазари, ДПС - Дирекција за платни системи, ДФСК - Дирекција за финансии, сметководство и контрола, ДТР - Дирекција за трезорско работење, ДИТ - Дирекција за информациска технологија, ДЧР - Дирекција за човечките ресурси, ДПР - Дирекција за правни работи, ДЈН - Дирекција за јавни набавки, ДТООА - Дирекција за техничко одржување, обезбедување и архива, БА – Библиотека.

Распределбата на редовните програмски активности според утврдените стратегиски цели и носители е извршена на следниов начин:

Стратегиска цел 1 - Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.

**Област: Монетарна политика.**

1) Изготвување макроекономски проекции.
2) Изработка на анализи за одржливоста на јавниот и надворешниот долг, урамнотежениот реален девизен курс и монетарната трансмисија коишто се употребуваат при носењето одлуки на монетарната политика.
3) Анкетни истражувања.
4) Изготвување ad hoc анализи.
5) Изработка на редовни извештаи.
6) Редовно спроведување монетарни операции и одржување рамнотежа на девизниот пазар.

Носители: ДМПИ и ДФП.

Стратегиска цел 2 - Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.

**Област: Супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност.**

7) Изработка и донесување на регулативата во доменот на банкарското работење и банкарската супервизија.
8) Унапредување на системските анализи како поддршка на макропрудентните политики заради одржување на финансиската стабилност.
9) Редовни вонтеренски активности.
10) Спроведување редовни теренски контроли.

Носители: ДФБ, ДВСЛ и ДТС.

Стратегиска цел 3 - Чување и управување на девизните резерви во согласност со принципите на сигурност и ликвидност и обезбедување оптимален поврат.

**Област: Девизни резерви.**

11) Управување со девизните резерви.
12) Воведување процес на анализа на применуваните стратегии за активно управување со девизните резерви.
13) Надминување на пречките за применливоста на одредбите за заштита на договорните страни во рамките на генералните договори ГМРА и ИСДА при склучување деривативни трансакции.
14) Редовно надградување на аналитичката рамка за следење финансиски институции/издавачи кај коишто може да се инвестираат девизните резерви.

Носител: ДФП.

Стратегиска цел 4 - Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек.

**Област: Издавање и управување со книжните и кованите пари.**

15) Снабдување на банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари.
16) Контрола на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење кај банките и центрите за готовина.

17) Изработка/набавка на
   - книжни и ковани пари
   - менични бланкети, пригодни ковани пари и ковани пари за колекционерски цели.
18) Продажба на пригодни ковани пари, ковани пари за колекционерски цели, книжни и ковани пари за нумизматички цели и менични бланкети.
19) Активности за потребите на НБРСМ, државни институции и органи на управа.

Носител: ДТР.

Стратегиска цел 5 - Сигурно и ефикасно функционирање на платните системи и развој на пазарот на платежни услуги.

**Област: Платни системи.**

20) Изготвување извештаи од областа на платните системи и платежните услуги.
21) Надгледување на платните системи.
22) Обработка и порамнување на трансакциите поврзани со управувањето на девизните резерви и со спроведувањето на монетарната политика и следење и поддршка на порамнувањето на трансакциите на пазарите преку шалтер.
23) Извршување платен промет со странство за сметка на државата и државните органи.
24) Поддршка на учесниците во МИПС и обработка на налози за присилна наплата.

Носител: ДПС.

Стратегиска цел 6 - Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.

**Област: Домашни финансиски пазари.**

25) Учество и поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.
26) Редовни активности за обезбедување услуги како агент на државата при издавањето државни хартии од вредност на домашниот пазар.

Носител: ДФП.

Стратегиска цел 7 - Поттикнување и натамошен развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.

**Област: Истражувачка дејност.**

27) Изработка на работни материјали.
28) Изработка на аналитички трудови за потребите на финансиската стабилност.

Носители: ДМПИ, ДФБ.

Стратегиска цел 8 - Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.

**Област: Статистика.**

29) Изготвување екстерни статистики.
30) Изготвување монетарни статистики.
31) Изготвување статистика на финансиски сметки.
32) Одржување и примена на унифицирана секторизација на институционалните единици во рамки на ДСТ.

33) Известувања коишто произлегуваат од членство во меѓународни организации.

Носител: ДСТ.

Стратегиска цел 9 - Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.

**Област: ЕУ.**

34) Спроведување активности поврзани со процесот на пристапување на Народната банка во Европскиот систем на централни банки.

Носители: КГ, главниот економист и повеќе организациски единици во Народната банка.

Стратегиска цел 10 - Натамошно унапредување на корпоративното управување, транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.

**Област: Финансии, сметководство и контрола.**

35) Сметководствено евидентирање на трансакциите поврзани со извршувањето на функциите и задачите на Народната банка, како и со оперативното работење.
36) Спроведување сметководствени политики и финансиско известување.
37) Планирање и контрола.

**Област: Внатрешна ревизија.**

38) Планирање и изработка на годишна и тригодишна ревизорска Програма за работа.
39) Извршување на ревизија.

**Област: Стратегиско планирање, управување со ризиците, обезбедување непрекинатост во работењето и сигурност на информацискиот систем и заштита на личните податоци, усогласеност со регулативата.**

40) Унапредување на процесот на усогласеноста.
41) Следење на новата законска регулатива којашто го засега работењето на Народната банка и информирање за неа.
42) Унапредување на Етичкиот кодекс и неговата примена.
43) Учество во процесот на анализа на Народната банка, во рамки на спречувањето перење пари и финансирањето тероризам.
44) Стратегиско планирање.
45) Управување со оперативните ризици на ниво на Народната банка.
46) Обезбедување непрекинатост во работењето.
47) Обезбедување сигурност на информацискиот систем и заштита на личните податоци.

**Област: Правни работи.**

48) Изготвување и контрола на општи и поединечни правни акти.
49) Изготвување правни документи, тужби, одговори на тужби и вонредни правни лекови.
50) Регулирање на имотно-правните работи на Народната банка и евиденција за недвижниот имот.
51) Подготвување на седниците на Советот на Народната банка.
52) Давање правни мислења, совети и вршење обуки.

**Област: Кабинет на гувернерот.**

53) Односи со меѓународните институции.
54) Комуникација со јавноста.
55) Протоколарни работи.
56) Издавачки работи.

57) Финансиска едукација.

**Област: Управување со човечките ресурси.**

58) Обезбедување и прием на работници.
59) Поставување соодветна организациска и систематизациска поставеност.
60) Регулирање на правата и обврските од работниот однос.
61) Обезбедување соодветна ангажираност на вработените.
62) Стручно усовршување и развој на вработените.

**Област: Јавни набавки.**

63) Планирање на потребите за јавни набавки, анализа и следење на остварување, изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки.
64) Подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки.
65) Следење на договорите по јавни набавки и прием, евидентирање и контрола на фактурите и другите сметководствени документи.

**Област: Техничко одржување, обезбедување и архива.**

66) Одржување на објектите.
67) Обезбедување транспортни услуги.
68) Физичко обезбедување и противпожарна заштита.
69) Канцелариско работење.
70) Архивско работење.

**Област: Музеј.**

71) Активности поврзани со нумизматичката збирка.
72) Музејска едукација.
73) Истражувачка работа од областа на нумизматиката.

**Област: Библиотека и архив.**

74) Набавка и одржување на библиотечниот фонд на Народната банка.
75) Информирање на вработените во Народната банка.
76) Дигитализација на материјал од историско значење во областите на централнобанкарското работење.

Носители: ДФСК, ДВР, КСП, ДПР, КГ и главен економист, ДЈН, ДТООА, ДЧР, Музеј и БА.

Стратегиска цел 11 - Одржување стабилен информатички систем и негова надградба согласно со постоечките капацитети и меѓународните стандарди.

**Област: Информациска технологија.**

77) Одржување на ИТ-инфраструктурата.
78) Надградба на сервери и работни станици.
79) Управување со корисничките сметки и контрола на пристапот во системот.
80) Управување со средствата.
81) Извршување промени во системот.
82) Управување со ИТ-инциденти.
83) Заштита и архивирање.
84) Обезбедување ИТ-услуги.
85) Поставување на ИТ-услугите, следење на исполнувањето на поставените сервисни нивоа и постојано подобрување.
86) Подготовка на нови системи за бази на податоци, верзија MS SQL Server 2017.
87) Подготовка на нов ДМС, верзија MS SharePoint 2019.

Носител: ДИТ.

**ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**

6. Активностите поврзани со проекти од Програмата за работа се спроведуваат со цел да се воведе одредена новина во работењето, да се унапреди тековното работење, или да се спроведат одредени активности за коишто е потребна координација од повеќе организациски единици или е потребен ангажман на надворешен давател на услуги, а се спроведуваат со одредена динамика, утврдени човечки ресурси и/или определен буџет за извршување. Во текот на 2020 година ќе се работи на спроведувањето на следниве проекти:

**а) Проекти од одредени области од работењето на Народната банка**

6.1 **Изработка на Стратегија за примена на финансиски технологии.**
*Носители: советник на гувернерот, ДФБ, ДВСЛ, ДПС.*
*Среднорочна активност.*

6.2 **Активности за изготвување Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија.**
*Носители: главен економист, советник на гувернерот, КГ, во соработка со претставници од другите финансиски регулатори во рамки на Координациското тело за финансиска едукација и финансиска инклузија.*
*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.3 **Активности за заштита на потрошувачи.**
*Носители: работна група (главен економист, советник на гувернерот, претставници од различни организациски единици).*
*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.4 **Унапредување на достапноста и разбирањето на соопштенијата, информациите, податоците и анализите на Народната банка.**
*Носители: КГ.*
*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.5 **Спроведување анкета за задоволство на известувачите и корисниците на податоци.**
*Носители: ДСТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.6 **Преиспитување на поставеноста и предлог-промени кај оперативната рамка на монетарната политика.**
*Носител: ДФП.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.7 **Ревизија и усогласување на поставеноста и функционирањето на КОМП во Народната банка согласно со најдобрите меѓународни практики.**
*Носител: ДФП.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.8 **Унапредување на рамката за одобрување на ликвидносна поддршка во исклучителни околности.**
*Носители: ДВСЛ, ДФП, ДПР.*
*Среднорочна активност, планирано е дел од активностите да се завршат до крајот на IV квартал.*

6.9 **Унапредување на интерната методологија за изрекување корективни мерки кон банките**.
*Носител: ДВСЛ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

*6.10* **Унапредување на плановите за закрепнување на системски значајните банки и на интерната методологија за нивната оценка**.

*Носител: ДВСЛ.*

*Рок за извршување: IV квартал.*

6.11 **Унапредување на интерната методологија за оценка на процесот на утврдување интерна ликвидност на банките**.

*Носител: ДВСЛ.*

*Рок за извршување: II квартал.*

6.12 **Унапредување на капацитетот за „брза“ оценка на одржливоста/солвентноста и ликвидноста на банка**.

*Носител: ДВСЛ во соработка со ДТС.*

*Среднорочна активност, планирано е дел од активностите да се завршат до крајот на IV квартал.*

6.13 **Унапредување на капацитетот за стрест-тестирање**.

*Носител: ДВСЛ во соработка со ДФБ.*

*Среднорочна активност, планирано е дел од активностите да се завршат до крајот на IV квартал.*

6.14 **Разработка на планови за справување со кризни состојби** (англ. Contingency plans).

*Носител: ДВСЛ во соработка со ДФБ и ДТС.*

*Среднорочна активност, планирано е дел од активностите да се завршат до крајот на IV квартал*

6.15 **Унапредување на методологијата за оценка на ризиците при теренските контроли преку ревидирање на процедурите за контрола и методологијата за изработка на записник**.

*Носител: ДТС.*

*Рок за извршување: III квартал.*

6.16 **Формирање база на наоди од теренски контроли на ризиците**.

*Носител: ДТС.*

*Рок за извршување: III квартал.*

6.17 **Изработка на методологија/алатка за процесот на супервизорска проценка на ИТ-ризикот** (ИТ СРЕП[2]).

*Носител: ДТС.*

*Рок за извршување: III квартал.*

6.18 **Изготвување подзаконска регулатива којашто произлегува од новиот Закон за платежни услуги и платни системи**.

*Носител: ДПС во соработка со ДФБ, ДТС, ДВСЛ, ДСТ и ДПР.*

*Среднорочна активност, планирано е дел од активностите да се завршат до крајот на IV квартал.*

6.19 **Стратегија за развој на платниот систем на Република Северна Македонија**.

*Носител: ДПС.*

*Рок за извршување: IV квартал.*

6.20 **Изработка на документација и спецификација за потребите на спроведување на стандардот ИСО 20022 и новиот формат MX на пораките.**

*Носител: ДПС.*

*Среднорочна активност.*

[2] ИТ СРЕП – IT SREP (Supervisory Review and Evaluation Process).

6.21 **Унапредување на билансот на плаќања и МИП – нова предлог-методологија за приватните трансфери и девизната готовина надвор од банкарскиот систем**.

*Носител: ДСТ.*

*Рок за извршување: IV квартал.*

6.22 Изготвување на документите **Политика за ревизија и Политика за доверливост на статистички податоци**.

*Носител: ДСТ.*

*Рок за извршување: IV квартал.*

6.23 **Приспособување на изворите на податоци за екстерни статистики** во услови на натамошна либерализација на капиталните трансакции со нерезиденти и примена на **регулативите на ЕУ за платежни услуги и платни системи.**

*Носител: ДСТ.*

*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.24 Подготовка на методологии за унапредување на функционалноста на системот за вршење ревизија.

*Носител: ДВР.*

*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.25 Одржување на објектите – Примена на техничко-технолошките решенија во рамки на постојните објекти за обезбедување енергетска ефикасност и сигурност на системите, со посебен акцент на унапредување на енергетската мрежа заради одржување на непрекинатоста во работењето на системите.

*Носител: ДТООА.*

*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.26 Анализа на можностите за натамошното оптимално постапување со недвижниот и подвижниот имот на Народната банка, по започнувањето со користење на новиот објект.

*Носители: ДТООА, ДПР, ДЈН, ДИТ.*

*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.27 **Доработка на сервисот за SQL привилегии** и нови извештаи за привилегии за сопствениците на податоци во НБРСМ.

*Носител: ДИТ.*

*Рок за извршување: IV квартал.*

6.28 Ревизија на поставеноста на Комитетот за ревизија и усогласување со меѓународните препораки и најдобри практики за улогата и задачите на ова тело во централните банки.

*Носител: ДФСК, во соработка со ДВР и ДПР.*

*Рок за извршување: II квартал.*

6.29 Согледување на меѓународното искуство за начинот на вршењето попис на средствата и обврските на централните банки и можностите за унапредување на процесот за попис кај Народната банка

*Носител: ДФСК, во соработка со ДИТ, ДЈН, ДЧР и ДТООА.*

*Рок за извршување: III квартал.*

**б) Организација на настани и конференции**

Во текот на 2020 година Народната банка ќе биде организатор и на неколку настани. Динамиката и носителите на проектите за организација на овие настани се следниве:

6.30 Организирање едукативен настан – Глобална недела на парите.

*Носител: КГ во соработка со главниот економист, ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: I квартал.*

6.31 Организирање едукативен настан – *Работилница/обука за наставници*.
*Носител: КГ во соработка со главниот економист, ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: I квартал.*

6.32 **Организирање на Истражувачката конференција на Народната банка**.
*Носител: КГ во соработка со главниот економист, ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.33 Организирање едукативен настан – *Денови на финансиската писменост*.
*Носител: КГ во соработка со главниот економист, ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.34 Организирање едукативен настан – *Светски ден на штедењето*.
*Носител: КГ во соработка со главниот економист, ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.35 **Организирање работилници за новинари**.
*Носител: КГ во соработка со ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: во текот на годината.*

6.36 Организирање ИТ - форум.
*Носител: ДИТ во соработка со Кабинетот, ДЈН и ДТООА.*
*Рок за извршување: II квартал.*

**в) Проекти за развој на софтвер**

Проектите од областа на информациската технологија се однесуваат на следниве активности за развој на софтвер:

6.37 Создавање **податочен склад за податоци од Кредитниот регистар**.
*Носител: ДФБ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: Среднорочна активност.*

6.38 Изготвување апликација којашто ќе ги **поврзе податоците од КРИС за физички лица и податоците од УЈП за личен нето-доход**.
*Носител: ДФБ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

6.39 Автоматизирана пресметка на стапките на ненаплата за кредитната изложеност по одделни производи за секторот „население".
*Носител: ДФБ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.40 **Агрегација на регулаторен извештај** заради измената на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.
*Носител: ДФБ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

6.41 **Агрегација на регулаторни** извештаи согласно со новата Одлука и Упатство за управување со ликвидносниот ризик.

*Носител: ДФБ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

6.42 Автоматизација на процесот на задолжителна резерва во евра.
*Носител: ДФП во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.43 Изработка на сервис за прибирање податоци за трансакции на девизниот пазар.

*Носител: ДФП во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

6.44 Управување со ризиците.

*Носител: ДФП во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.45 Прибирање податоци за сопствениците на државни хартии од вредност.

*Носител: ДФП во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.46 Воспоставување регистар на платежните институции.

*Носител: ДВСЛ во соработка со ДИТ и ДПС.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.47 Унапредување на интерната методологија за оценка на бизнис-моделите на банките.

*Носител: ДВСЛ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

6.48 **Унапредување на постојните функционалности и извештајни форми на АТК**.

*Носител: ДТС во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.49 Дополнување на функционалностите на апликацијата за обработка на готовина и разлики во пратки.

*Носител: ДТР во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.50 Авоматизирање на процесот на прием и издавање готовина и на процесот на прием, чување и издавање контролни маркици.

*Носител: ДТР во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.51 Збогатување на функционалностите на апликативниот систем за готовинско работење.

*Носител: ДТР во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: I квартал.*

6.52 Ефикасно следење на трансакциите за привремено одземени ефективни средства.

*Носител: ДТР во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: I квартал.*

6.53 Унапредување на апликативното решение за платежна статистика.

*Носител: ДПС во соработка со ДИТ.*
*Во тек на годината.*

6.54 Унапредување на апликативното решение за спречување перење пари (AML).

*Носител: ДПС во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.55 Воспоставување единствен регистар на сметки во Народната банка.

*Носител: ДПС во соработка со ДИТ.*
*Во тек на годината.*

6.56 Преработка на апликациите еОператор и МИПС-трансакции.

*Носител: ДПС во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: I квартал.*

6.57 Преработка на апликацијата за тарифи и трансакции.
*Носител: ДПС во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.58 **Активности за воспоставување систем за управување, чување, обработка и ракување со статистичките податоци, воспоставување податочен склад**.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.59 Изготвување нови извештаи во екстерни статистики.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.60 Приспособување на системот за обработка на податоците за надворешнотрговската размена кон новиот систем на Царинската управа на Република Македонија.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.61 Рационализација на процесот на прибирање податоци за кредитните работи со странство преку воведување електронско известување за остварениот промет врз основа на кредитните работи.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.62 Рационализација на процесот на прибирање податоци за вложувањата од странство преку воведување електронско известување.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.63 Рационализација на работниот процес за обработка на податоците од Кварталниот извештај за вложувања од странство.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Во тек на годината.*

6.64 **Воведување интегриран систем за известување од страна на Народната банка, банки, штедилници, за статистички и супервизорски цели** (ИСИДОРА).
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.65 Проект за развој на апликативно решение за подготовка на статистики на хартии од вредност.
*Носител: ДСТ во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.66 **Интегриран сметководствен систем**.
*Носител: ДФСК во соработка со ДИТ.*
*Во текот на годината.*

6.67 Надградба на апликацијата за планирање.
*Носител: ДФСК во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.68 Ново апликативно решение за изработка и потпишување налози за плаќање ПП30 и ПП50.
*Носител: ДФСК во соработка со ДИТ.*
*Рок за извршување: II квартал.*

6.69 Надградба на апликацијата за интегрирано материјално работење – ИМР.
*Носител: ДФСК во соработка со ДИТ и ДЈН.*
*Рок за извршување: Во тек на годината*

6.70 Активности за дефинирање на барањата за подготовка на сметководствениот систем на НБРСМ за статистички известувачки цели поврзани со проектот ИСИДОРА на НБРСМ.
*Носител: ДФСК во соработка со ДИТ и ДСТ.*
*Во тек на годината.*

6.71 Развој на софтвер за ХРМ.
*Носител: ДЧР.*
*Во тек на годината.*

6.72 Надградба на модулите за канцелариско и архивско работење во софтверот за електронска архива.
*Носител: ДТООА.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.73 Надградба на постојното апликативно решение заради автоматизирање на одредени чекори од работните процеси
*Носител: ДЈН.*
*Во тек на годината.*

6.74 Преработка на начинот на клиентското дигитално потпишување на XML датотеки во апликациите развиени од НБРМ.
*Носител: ДИТ.*
*Рок за извршување: III квартал.*

6.75 Доработка на центарот за услуги (сервис-деск) за ДИТ.
*Носител: ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

6.76 Изработка, надградба и одржување на апликациите.
*Носител: ДИТ.*
*Рок за извршување: IV квартал.*

**г) Обезбедување непрекинатост во работењето**

7. Програмата за работа содржи активности за тестирање на плановите за обезбедување непрекинатост во работењето на повеќе критични работни процеси, со што ќе се овозможи оценување на одржливоста на плановите и согледување на можните проблеми и пречки при нивното спроведување.

Во текот на 2020 година, ќе се изврши тестирање на плановите за обезбедување непрекинатост во работењето на следниве работни процеси:

1. Комуникација со јавноста (I квартал).
2. Подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки (II квартал).
3. Канцелариско работење (II квартал).
4. Снабдување на банките и центрите за готовина од резервната локација (II квартал).
5. Сметководствено евидентирање на девизни трансакции. (II квартал).
6. Сметководствено евидентирање трансакции со книжни и ковани пари и други вредности (II квартал).
7. Сметководствено евидентирање на монетарните инструменти и депозитните работи во денари (II квартал).
8. Ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки, услуги и работи и обврски за плаќање врз други основи, евидентирање и наплата на побарувањата (излезни фактури) и пресметување на обврските за ДДВ (II квартал).
9. Одобрување кредит во крајна инстанца (III квартал).
10. Заштита и архивирање (III квартал).
11. Одржување на ИТ-инфраструктурата (III квартал).
12. Управување со ИТ-инциденти (III квартал).

13. Заштита и спасување од аспект на непрекинатоста во работењето: евакуација, згрижување и прва помош (III квартал).
14. Изготвување и контрола на општите и поединечните правни акти (IV квартал).
15. Изготвување правни документи, тужби, одговори на тужби и вонредни правни лекови (IV квартал).
16. Платен промет со странство за сметка на државата и државните органи (IV квартал).
17. Обработка и порамнување на трансакциите поврзани со управувањето на девизните резерви и со спроведувањето на монетарната политика, следење и поддршка на порамнувањето на трансакциите на пазарите преку шалтер (IV квартал).
18. Поддршка на учесниците во МИПС и обработка на налози за присилна наплата (IV квартал).
19. Аукции на благајнички записи (IV квартал).
20. Управување со девизните резерви (IV квартал).
21. Регулирање на правата и обврските од работниот однос (IV квартал).

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

8. Составен дел на оваа програма за работа е ревидираниот проектиран биланс на состојба за тековната и за следните три години, којшто ги содржи финансиските последици од нејзиното остварување, презентиран во прилогот 1.

9. Програмата за работа се остварува во текот на една календарска година, почнувајќи од 1 јануари до 31 декември 2020 година.

10. Програмата за работа стапува во сила на денот на донесувањето.

**П. бр. 02-15/XIV-1/2019**
**26 декември 2019 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**